**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-344
21.11 **2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4074/1 од 02.11.2022 година, а во согласност со Заклучокот арх.бр.02-4270/9 од 18.11.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 42-та седница одржана на 18.11.2022 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, заради извршена повреда на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 5-ти октомври 2022 година, во рамките на „Мастраф муабет“, забавно-документарна емисија, беа емитувани пет промотивни спота за: „Хотел Дрим“, „Оскарпласт“, „Миса – мегамаркет“, „Набизи“, „Елит кафе“ и „Вакчаре“, што претставуваат прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4074/1 од 02.11.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес веднаш по приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на

почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 53 став 2 од ЗАВМУ пропишува дека не се дозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 2-ри ноември 2022 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес, емитуван на 5-ти октомври 2022 година, на локално ниво, при што констатираше прекршување на член 53 став 2 од ЗАВМУ (недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации). Имено, со надзорот е констатирано дека во аудиовизуелната целина на забавно – документарната емисија „Мастраф муабет", реализирана во Струга како портретивно интервју со ракометарот Николче Мојсоски, монтажно последователно се вклопени релативно долготрајни промотивни спотови за комерцијалните субјекти: „Хотел Дрим", „Оскарпласт" – фабрика за производи од пластика, „Миса – мегамаркет", „Набизи" – трговски комплекс, „Елит кафе" и „Вакчаре" – меѓународен автопревозник. Промотивното препорачување е направено низ посебни спотови снимени во објектите на споменатите комерцијални субјекти (на пример: фоаје/работилница/продавница/возило), проследени со промотивни слогани и паноа и со описна нарација што ги нагласува суперлативите за нивните производи и услуги.

Повредата од точка 1 од ова Решение, детално специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4074/1 од 02.11.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес на 04.11.2022 година, испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување арх.бр.10-4074/2 од 04.11.2022 година, со кој му го достави предметниот Писмен извештај, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Во предвидениот рок, ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 18.11.2022 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4074/1 од 02.11.2022 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 42-та седница одржана на 18.11.2022 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4270/9 од 18.11.2022 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес и му се наложува веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**
- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4074/1 од 02.11.2022 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседателот на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
- Управителот на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP
Примено / Pranuar: 02-11.2022

| Организациона единица Njësia org. | Број Numri | Прилог Shtesë | Вредност Vlere |
|---|---|---|---|
| 10 | 4074 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес;

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 октомври 2022 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 ноември 2022 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. Претходно изречена мерка: /
7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес, емитуван на 5 октомври 2022 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 53 став 2** *(недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации)* **од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Во аудиовизуелната целина на забавно-документарата емисија „Мастраф муабет“, реализирана во Струга како портретивно интервју со ракометарот Николче Мојсоски, монтажно последователно се вклопени релативно долготрајни промотивни спотови за комерцијалните субјекти: „*Хотел Дрим*“, „*Оскарпласт*“ - фабрика за производи од пластика, „*Миса - мегамаркет*“, „*Набизи*“ - трговски комплекс, „*Елит кафе*“ и „*Вакчаре*“ – меѓународен автопревозник.

Промотивното препорачување е направено низ посебни спотови снимени во објектите на споменатите комерцијални субјекти (на пример: фоаје / работилница / продавница / возило), проследени со промотиви слогани и паноа и со описна нарација што ги нагласува суперлативите за нивните производи и услуги.

**5 октомври 2022 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** | |
| **„Мастраф муабет“ – забавно-документарна емисија;** | **23:17:15** | **23:59:59** | Како облик на недозволена прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација, во целината на емисијата монтажно се вклопени спотови што посебно промотивно ги препорачуваат услугите и производите на наведените комерцијални субјекти. |
| | **промотивни спотови - скриено рекламирање** | | |
| *„Хотел Дрим“* | 23:25:18 | 23:26:19 | |
| *„Оскарпласт“* | 23:39:54 | 23:41:54 | |
| *„Миса – мегамаркет“* | 23:42:35 | 23:45:26 | |
| *„Елит кафе“* | 23:47:21 | 23:47:39 | |
| *„Набизи“* | 23:50:50 | 23:53:27 | |
| *„Вакчаре“* | 23:53:28 | 23:56:40 | |

За илустрација на постапката / манирот со кој описната нарација прави прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација, нагласувајќи суперлативи за производите и за услугите на горенаведените комерцијални субјекти, можат да послужат следниве цитати:

- <u>Спот за „Хотел Дрим“</u>:
    - *„Нашиот дрим-тим денеска е поширок и поубав, а Дрим е навистина сон за оние кои знаат да уживаат. Приказната продолжува со најубавите луѓе на најубавите места. Едно од нив е и овој децениски убавец кој продолжува да ги восхитува гостите со идеалната*

*панорама, која полека се претопува во неговата хортикултурна оаза. Хотелот кој го носи името на реката и кој самиот е сон, ги нуди најубавите пејзажи на струшката лагуна, смирува со танцот на охридските далги и дразни со езерскиот воздух кој ви отвора апетит за ден полн со активности.";*

- <u>Спот за „Оскарпласт"</u>:

    - *„Водата и убавината си одат заедно. Природни или креирани, колевките на најубавите водени задоволства стануваат придружен елемент во речиси сите квалитетни моменти од нашето секојдневие. Адреналинот во вода, преку моментите на радост и задоволство, го продолжува животот. Уште од хедонистичките потреби на Рим, луксузот на групните бањи, амами и терми, продолжува со модерниот базен. Нема дете, млад или стар што не сака да се разлади и опушти или да го сподели својот рај со сладокусците или лезетлиите кои знаат да уживаат. Водениот екстериер и аксесоарите за уживање и забава се дел од приказната за туризмот, а и името кое ја поддржува оваа приказна не е случајно - Оскар за квалитет, идеја и оригиналност, но пред сè за првенство на домашниот пазар. За сите кои сакаат да си направат мало царство на лудории и задоволство, спектарот на производи ги комплетира најдобрите решенија и идеи. Можеби овие пловни објекти, мали детски царства и сини писти од вода ви изгледаат екстравагантно и технолошки модерно, но дното кое ја креира нивната длабочина, непропустливост и боја, како последен ефект, се постигнува мануфактурно или, што би рекле – со рака. Оваа домашна компанија со целосна палета на производи кои ги бара светот, е уште една капка во домашната економија и убавината на Струга, која изненадува со иновативност во новите архитектонски трендови, кои го освежуваат внатрешното лице на градот и кејот околу езерото. Едноставно, тие си се надополнуваат.".*

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес, на 5 октомври 2022 година, во рамките на „Мастраф муабет", забавно-документарна емисија, беа емитувани пет промотивни спота за: „*Хотел Дрим*", „*Оскарпласт*", „*Миса - мегамаркет*", „*Набизи*", „*Елит кафе*" и „*Вакчаре*", што претставуваат прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес, и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи - <u>веднаш по приемот на решението</u>

да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*